# Виртуелен свет

## За "Здравата насмевка во здраво општество", ЗУМ бр. 103

За жал, ниту "насмевката" на Лилјана Неделковска изгледа здраво, а нашево општество уште помалку штом дозволува со државни пари некој да си прави приватни патолошки забави и лични пубертетски провокации. Но, во виртуелниот свет на оваа "здрава професионалка" сè е можно. Можно е дури нештата да ги "доживувате" и "објаснувате" не на две туку на дваесет места - едновремено!

Затоа, еден совет: за следниот "проект" да смисли уште попровокативен настан. На пример, да изложи празна музејска сала и да подготви празен каталог. Па некои дела нека скрие во Гевгелија, други во Битола, трети во Охрид... Па луѓето нека истражуваат! А текстот за каталогот, исто во парчиња, нека го објавува наизменично во десетина неделни и месечни списанија. Ќе биде ептен провокативно и - постмодернистички професионално! А ако некому нешто не му биде докрај јасно во нејзиниот "концепт", ќе ја викне на чашка-две, па ќе размавтаат скара ... и "здраво" ќе се изнасмеат!!!

*Златко Теодосиевски*



Здрава насмевка во здраво општество

За Опасниот волунтаризам на Златко Теодосиевски

Долго време се немав насмеано, можеби од времето на подготовките на изложбата Опасни врски (за што постои фотодокументација). Благодарение на "текстот" Опасен волунтаризам на Златко Теодосиевски повторно успеав здраво да се насмеам. За тоа сум му навистина благодарна. Мислев дека тоа е доволно, зашто провокацијата, што беше и цел на изложбата, сосема успеа. Меѓутоа, сепак не можев да си дозволам а да не одговорам на некои поставени "забелешки" не поради тоа што чувствував потреба да му разјаснам некои работи на господинот Златко Теодосиевски, туку поради можноста јавноста да остане во заблуда во однос на некои невистини пласирани во текстот...

Лилјана Неделковска




Internet
UNET
акцијата важи до
31 јули!!!

НЕОГРАНИЧЕН ИНТЕРНЕТ ПРИСТАП 3 МЕСЕЦА
ЦЕЛО ЛЕТО НА ИНТЕРНЕТ ЗА САМО
950 ден.

+ подарок изненадување во соработка со:

Kolinska WELLA GALAFARM АГРОИМПЕКС
P&G Malizia Intesa durex
ALKALOID SKOPJE BU Alfa-Parf SUPRA VIT

ДГ-ДК... ДГ-ДК... ДГ-ДК... ДГ-ДК... ДГ-ДК.

НОВИ ПАКЕТИ МОЖЕТЕ ДА НАБАВИТЕ
ВО МАРКЕТИТЕ НА ТИНЕКС, МЕЦИК ШОП, СП-МАРКЕТИ,
ТРАФИКИТЕ НА ТУТУН, МЕДИА ЕЛЕКТРОНИКС, ТОБАКО 1 И 2,
ПРОДАВНИЦИТЕ НА ГЕРМАНОС, ВИДЕОТЕКИТЕ ХОЛИВУД И
МАНАКИ ФИЛМ, МП - КОМПЈУТЕРИ, ТРАФИКИТЕ ВО ВЕРО
И СИТЕ ПОГОЛЕМИ ТРАФИКИ НИЗ МАКЕДОНИЈА

тел: 02 366 505
info@unet.com.mk